Зоран ГЕОРГИЕВ

# АРХАЈСКИ ТОАЛЕТНИ РЕКВИЗИТИ ОД ДОЛНОТО ПОВАРДАРЈЕ

Археолошки истражувања во Долното Повардарје се вршат веќе неколку години по ред. Во нивните рамки опфатени се и неколку некрополи од железно време, по кои овој до скоро сосема неистражуван регион се здоби со соодветна афирмација. Ископувањата на локалитетите „Сува Река" и „Милци" кај Гевгелија и во с. Дедели кај Валандово покажаа дека се работи за вонредно пространи некрополи, со голем број на гробови, чии содржини оддаваат низа обележја специфични за просторот јужно од Демир Капија, вклучувајќи и голем дел од Северна Грција. Досегашниот степен на нивна истраженост веќе овозможува издвојување на низа појави кои не само што го определуваат карактерот на материјалната култура туку фрлаат светлина и врз определени категории од духовниот живот на овој простор.

Една од ваквите појави претставува присуството на група наоди, кои по својата функција имаат карактер на тоалетен прибор, а кои, покрај основниот гробен инвентар — керамиката, бронзениот накит и оружјето, се издвојуваат како одделна категорија. Навидум ограничена како по бројот на гробовите во кои се среќава така и по репертоарот на застапени форми, таа има прилично нерепрезентативен вид и, најчесто лоша или фрагментарна сочуваност на елементите што ја сочинуваат, заради што изостанала при обработката и презентирањето на археолошкиот материјал[1]. Всушност, од исти причини, нејзиното постоење меѓу мноштвото останати форми досега не било ниту забележано. Заклучоците до кои може да се дојде со нејзиното анализирање значително ги дополнуваат сознанијата за културните обележја на

[1] Р. Пашиќ, Археолошки истражувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија Macedoniae acta archaeologica, Vol. 3, Прилеп 1977, 53 — 54. ; — Истата, Археолошки истражувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија, кн. 8—9, Скопје 1978, 21—33; — Истата, Dedeli, Valandovo-nekropola starijeg gvozdenog doba, Arheološki pregled, Vol, 21. Beograd 1980, 35 — 55; — З. Георгиев, Карактерот и значењето на вонгробните наоди во јужноповардарските некрополи од железно време, Macedoniae acta archaeologica, Vol. 6 (во печат); — Истиот Гробот 31/35 од некрополата „Милци" кај Гевгелија, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија, кн. 10—11 (во печат). Резултатите од истражувањата во Дедели и Милци се во тек на објавување.

наѣдените некрополи, а воедно можат да користат и за поврзувањето на низа слични наоди од поширокото балканско подрачје.

Една тоалетна гарнитура обединува три форми: железен брич, железна или бронзена машичка (пинцета) и камено острило за брич. Таков состав досега дале гробовите 27 и 43 од Дедели и гробот 8 од Милци; почесто се наоѓани брич и машичка еднододруго, што е една од битните особености на ваквите наоди, или пак само една од наброените форми. Релативно малиот број на комплетно откриени гарнитури се должи, од една страна, на непознавањето на взаемната поврзаност на овие предмети, а од друга страна на видот и слабата трајност на материјалот од кој се изработени.

Друга важна карактеристика на оваа група е тоа што таа во голем дел потекнува од гробови во кои како прилог се јавува и оружје[2]. Тоа покажува дека истата се врзува само за покојници од машки пол, што впрочем има потврди и во остеолошкиот материјал. Инаку, со ископувањата не е констатирано постоење на други реквизити, врзани за функцијата на наведените форми, како, на пример, чешли, огледала и слично.

*Типологија на материјалот*

За поблиско запознавање со тоалетниот прибор од Долното Повардарје и за неговото натамошно разгледување, неопходно е најнапред да ги одбележам типолошките карактеристики на неговите составни делови. Воедно, за увид во бројната состојба, укажувам и на гробовите кои дале вакви наоди[3].

Бричови или нивни делови потекнуваат од гробовите бр. 10, 33[4], 45, 49[5], и 52 во Сува Река; од гробовите 5, 6, 7, 8 и 41 во Милци и гробовите 20, 27, 29, 33, 43 и 44 во Дедели. Сите се со иста форма, со тоа што кај одделни примероци се забележуваат разлики во обликот на рачката. Листот на сечилото е полумесечест, острен е од конкавната страна и достига најголема широчина во средишниот дел или поблизу до рачката. Сечилото завршува со остар врв кој е кренат нагоре. Освен во еден случај, рачката е изработена заедно со сечилото, од едно парче, има исто така лачна форма, но зазема спротивна положба, така што предметот во целина добива облик на буквата S. Кај повеќето примероци завршетокот од рачката недостасува или пак е во толку лоша

[2] Заради тоа дел од железните наоди што се опфатени во овој прилог инвентарирчни се како фрагменти од ножови или врвови од копја (сп. Р. Пашиќ, Зборник на Археолошкиот музеј, 22, 25, 27 — инвентар на гробовите 10, 33, 45). Истите ги идентификував при дополнителен преглед на материјалот.

[3] Потполн преглед е даден само за Милци; наведените претсатвници од Сува Река и Дедели ги регистрирав меѓу дел од депонираниот материјал или пак ми се познати од аутопсија, така што нивниот број не е дефинитивен.

[4] Наодот од сектор III во Сува Река, објавен како гроб бр. 33 (Р. Пашиќ,op. cit., 25, сл. 12), претставува дислоцирана постара гробна содржина (за ова З. Геогиев МАА-6).

[5] Р. Пашиќ, op. cit., сл. 17-д.

состојба што без отстранување на корозивните пластови не е можбно сигурно да се определи изгледот. Бричот од гроб 10 во Сува Река има одделно (несомнено дополнително) изработена рачка од бронза (Т. I) којашто, можеби, следи еден вообичаен тип на рачки со тап врв. Кај друг примерок од истата некропола рачката завршува со лепезесто проширување, свиено спротивно во однос на сечилото (Т. I, гр. 52). Трета варијанта покажуваат бричовите од „гробот" 33 во Сува Река и од гробот 27 во Дедели, чиишто рачки завршуваат со купаста глава (Т. I, Т. III). Кај последниот се сочувани и чивии со кои биле прицврстени дрвени капаци од двете страни.

Димензиите на сечилата изнесуваат 9,0 — 10,0 см во должина и 2,2 — 2,9 см најголема широчина, додека должината на целосно сочуваните примероци се движи од 11,5 до 15,0 см.

Степенот на кородираност кај бричовите допушта да се извлечат определени заклучоци за нивната техничка изработка. Паѓа во очи дека често, дури и кај фрагментираните примероци, работната површина на сечилото е необично добро сочувана, далеку подобро во однос на откриваното оружје. Острицата, иако најчувствителен дел, добро одолеала на многувековниот корозивен процес и сè уште ја задржала својата линија, што секако се должи на прилично тврдиот материјал, со збиена внатрешна структура, постигната со повеќекратно термо-механичко делување врз предметот.

Машички досега дале гробовите 33 и 52 од Сува Река; гробовите 5, 6 и 8 од Милци и гробовите 6 , 27 и 43 од Дедели. Од вкупно 10 примероци, три се од железо, но недостатокот на овој предмет, како во вкупниот збир така и во оние гробови кои покрај многуте ситни железни фрагменти дале бричови, упатува на веројатноста дека за изработка на истиот железото било повеќе користено од бронзата. По форма меѓусебно не се разликуваат; сите имаат делтоиден облик, широки краеви на краците и навнатре подвиени работни површини. Бронзените се украсувани со врежани геометриски орнаменти (бордури од низови паралелни линии или шрафирани триаголници). Димензиите им варираат зависно од материјалот; кај сочуваните железни машички должината изнесува 10,5 — 11,5 см, додека кај бронзените е сведена на 7,5 — 8,5 см. Најголемата широчина на краците, односно на работните површини се движи од 2,8 до 4,5 см.

Острилата од камен се дополнителен елемент на приборот. На споменатите некрополи забележани се четири примероци (гроб 8 во Милци; гроб20, 27 и 43 во Дедели), а еден се наоѓа меѓу група наоди од случајно откопувани гробови во с. Грчиште, Валандовско. Најчесто имаат издолжена правоаголна форма и сегментен пресек. Еден од краевите е проврткен за врзување. Помалку или повеќе, сите носат на бочните површини видливи трагови од употреба. Нивната должина изнесува 6,5 — 8,5 см.

Инвентаркрани се како острила за нож или дури како амулети, но нивното поврзување со оружје е непријафтливо бидејќи ги среќаваме само таму каде покрај оружје присуствуваат останатите делови од тоалетен прибор, како и во гробови во кои оружјето остуствува.

*Аналоіии и даширање*

Макар што бројот на откриените тоалетни реквизити не е особено голем, ваквите наоди во Долното Повардарје веќе не може да се третираат како ретка појава. Тие потекнуваат од 16 гробни конструкции (со можност да ги има и повеќе), од вкупно околу 150 колку што досега се откопани на именуваните некрополи, но кога се има предвид дека половината од последните е сосема празни[6], се добива во просек еден наод на секои пет гробови што дале прилози, од кои пак добар дел се женски и детски[7]. Идентичен статистички показател нудат наодите на одделни делови од ваков прибор на непосредно блиските аналогни локалитети, каде инаку се откопани релативно малку гробови. На пример, меѓу прилозите од група гробови во с. Марвинци, Валандовско, откопани 1917 год., веќе има една машичка[8]. Од соседната Чаушица во Северна Грција, каде по Првата светска војна се истражени 33 гроба (дел од нив и пред тоа биле испразнети), познати се четири машички[9]. На поширокото македонско подрачје машичките се појавуваат во Олинт[10], Амфиполис[11] и особено во Патели[12].

На територијата на Албанија овој предмет е исто така познат: се среќава во Трен[13], во Какави[14], Кучи Зи[15] и Дукат[16]. Последниот е особено значаен, бидејќи претставува дел од тоалетна гарнитура со ист состав како во Повардарјето, а се јавува како единствен прилог во гробот бр. 8[17]. Кон овие наоди географаски гравитира и една машичка од посиромашните гробови во Требениште[18].

---

[6] Од четирисетина откопани гробови во Милци, 16 не дадоа никаков прилог а 8 се со безначајни фрагменти. Во Сува Река 11 гробови се сосема празни, а исто толку се со одвај скромни прилози. За Дедели нема официјални податоци, но и таму е присутна ваква состојба.

[7] Милци даде 17 детски конструкции. Судејќи по димнезиите, во Сува Река има 16 гробови на деца, не сметајќи ги потребувањата во големи конструкции.

[8] K. Kilian, Trachzubehor der Eisenzett zwtscnen Agäis und Adria, Praentstorische Zettscrtft 50, 1975, T. 41. 1; — P. Васић, Нови елементи за проучавање гвозденог доба Вардарске долине, Старинар, Н. с. кн. 27/1976, Београд 1977, 8, сл. 4, бр. 656

[9] S. Casson, Ehcavaitons in Macedonia, BSA —24, 1919 — 1921, fig. 11; BSA-26-1923—1925, pl. II, 2 f, 1, r; — J. Bouzek, Graeco — Macedontan bronzas, Acta untver sitatts Carolinae, Mon. XLIX (1973), Praha ;1974, 147, fig. 47, 9.

[10] D. M. Robinson, Exavations at Olynthus X, Baltimoore 1933, firg. 1713 — 1719

[11] S. Folttni, Frühnbronzezettlische Funde aus Amphipolis, MAG XCIII—XCIV, 1964, T. 4,2. — P. Васић, op. cit. 11.

[12] N. G. L. Hammond, History of Macedonia I, Oxford 1972, 431.

[13] M. Korkuti, Vendbanimi prehistorik i Trenit, Iltria I, Ttrana 1971, 42, pl. XV, 9,

[14] F. Prendi — Dh. Budina, Kultura ilire në luginën e Drinos në kohen e hekurit Studime historike — 2, Ttrana 1971, pl. II, 2.

[15] Z. Andrea, Tumat e Kucit të Zi, Iliria — VI, Tirana 1976, 169, T. VII, v. 50, 1;

[16] N. Ceka, Un tumulus a Dukat, Iliria — III, Tirana 1975, 1975, 147—148, Pl. V, T.8

[17] Ibid.

[18] Н. Вулић, Нови гробови из Требеништа, Споменик СКА, књ. 76, Београд 1933, 99, сл. 23.

Уште поголем број на аналогии има длабоко во внатрешноста на Балканот: машичките се чести во илирските гробови од Подриње (Пацине, Белотиќ, Рогатица, Бранковиќ, Осово, „Годомиља")[19], западна Србија (Карагач, Крива Река)[20], и на бројни други наоѓалишта од Гласинац и галсиначката културана група[21], потоа во Доња Долина и Сански Мост во западна Босна[22], на наоѓалиштата од т.н. „Горичка" група на просторот помеѓу Цетина и Неретва[23], во јаподската група наоди од Лика[24], како и на некрополите во долината на Уна[25].

Наспроти ваквата широка распространетост на машички, соодветни аналогии на бричовите нема вон Повардарјето, или барем ги нема во доволен број. Тоа во голема мера го отежнува истоветното толкување на машичките од другите балкански подрачја како делови од идентични тоалетни гарнитури. И ако и таму се присутни слични острила од камен, особено на Гласинац, меѓу објавениот материјал не фигурираат бричови[26]. Сепак, се чини дека не треба да се изгубат од вид макар ретките делови од „ножови со нагоре свиен врв" од Доња Долина и Качањ[27], како и еден предмет од Подилијак, што е толкуван како дел од железна трака, а кој многу наликува на заден дел од повардарските бричеви[28],. Интересно е што нашиот облик се јавува, многу подоцна, во голем број, меѓу материјалот со келтски обележја од Средна Чешка[29].

Што се однесува до формата на овој реквизит, можно е постоење на регионални разлики, условени и од хронолошки момент. Единствениот наод, кој засега претставува полна аналогија на констатираната

---

[19] М. Гарашанин-Д. Гарашанин, Ископавања тумула у комплексу Белотић-Бела Црква, 1959 и 1960 године, Зборник радова Народног музеја, кн. 3, Београд 1960, 60, сл. 10; — M. Kosorić, Kulturni, etnički i hronološki problemi ilirskih nekropola Podrinja, DISS et Mon, Vol. XVIII, Tuzla 1976, 29—30, T. XXV, 1—3.

[20] D. Srejović, Karagač and the problem of tne ethnogenesis of tne Dardanians, Balcanica, Vol. IV, Beograd 1973, T. VII, 7.; — Д. Гарашанин, Miscelanea tllyrica III, Зборник радодва Народног музеја, кн. 5, Београд 1967, сл. 10.

[21] A. Benac — B. Čovtć, Glasinac I, Sarajevo 1956, T. X, 10; T. XXXII, 2; Glasinac II (1957), T. VIII, 10; T. XI, 28; T. XV, 2; T. XXVI, 12; T. XXX, 9; T. XXXVII, 2; T. XXXIX, 1.

[22] Р. Васић, Културне групе стар ијег гвозденог доба у Југославији, Београ 1973, 88, 91, т. XI, 30.

[23] Ibid., T. VIII, 31.

[24] Ibtd., т. VII, 22; — R. Drecheler — Bižić, Naselje i rgobovi prehistoriskih Japoda u Vrepcu, Vjesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu, III/I, 1958, T. III, 28; T. X, 75; T. XIV, 106; — Истата, Rezultati istraživanja japodske nekropole u Kompolju 1955—1956 god., Vjesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu, III/II, 1961, T. IV, 14.

[25] Z. Marić, Japodske nekropole u dollni Une, Glasnik ZMBH — XXIII, Sarajevo 1968, T. II, 9, 36; T. III, 15.

[26] A. Benac — B. Čovič ,Glasinac I, T. VI, 8:; Glasinac II, T. II, 17; T. VIII, 4; T. XX, 6; T. XXIII, 4; T. XXIV, 8 и н. За наоди од Сански Мост b. Z. Marić, op. cit., 54.

[27] Z. Marić, Grobovi ilirskih ratnika iz Kačnja, GZM — XIV, Sarajevo 1959, 91, сл. 3 е.

[28] B. Čović, Glasinac 1957, rezultati revizionog iskopavanja tumula glasinačkog tipa. GZM — XIV, 65, T. VIII, 2.

[29] G. Motyková — Sneidrova, Žarové pohřebište ze starši dobu římské v Tišictch ve stařednich čechach, Památky archeologicke LIV/2, 1963, Ob. 8, 6; Ob. 11, 5; Ob. 12, 4; Ob. 15, 2 и н.

појава во Повардарјето — споменатиот гроб 8 од Дукат во Албанија, содржи дел од бронзено сечило, чија форма сепак се разликувала од обликот на нашите бричови[30]. Да потсетам и на бричот-амулет со облик на лабрис од „Висои" — Беранци[31], кој типолошки се врзува за бронзенодобски традиции и временски не припаѓа на нашата група, а чие примарно симболичко значење во однос на неговата употребна вредност е повеќе од очевидна.

Во недостаток на доволно аналогии за овој облик, при натамошната анализа на приборот од Повардарјето принудени сме да се ограничиме врз машичките. Покрај прашањето за практичната примена на предметот, неговата временска припадност во одделни балкански подрачја е еден од клучните моменти за донесување на заклучоци во поглед на неговото потекло, распространување, карактер и значење. Имено, машичките не се поопстојано проучувани и во оваа смисла останале прилично нејасни. Повеќето наведени претставници, особено јужнобалканските, вклопувани се во општите хронолошки рамки на матичните наоѓалишта, така што, во целина, нивното датирање опфаќа распон од повеќе векови. Често им е доделувано и мошне високо место во хронолошките табели. Ова пред сè се однесува за албанските наоди, сместувани главно во VIII — VIIвек пред н.е.,[32] врз основа на слично датирани примероци од Гласинац[33]. Посебно би укажал на машичките од Чаушица — локалитет кој, како најблизок, претставува особено важна и неразделна паралела за наодите од оваа страна на грчко -југословенската граница, а кои според Ј. Бузек му припаѓаат на VIII век[34]. Меѓутоа, материјалот што ги проследува нашите наоди, како и оние од останатото балканско подрачје, покажува дека машичките се врзуваат за подоцнежно време, макар што има елементи кои би зборувале за нивната порана појава. Да ги погледаме најнапред наодите од Повардарјето.

Во гробот 6 од Милци и гробот 27 од Дедели, со тоалетниот прибор се јавуваат фибули со нога во вид на беотски штит-форма што е типична за преодот од VII во VI век и, главно првата половина од последниот. Со приборот од гробовите 43 и 44 во Дедели одат двојни игли од типот „омега", карактеристични за истото време, дури и нешто подоцна. Двојни игли се присутни и меѓу споменатите наоди од Марвинци[35] кои и инаку целосно се врзуваат за VI век. Бројноста на машички од железо, потврдена на долномакедонското подрачје со 25 парчиња во Пателли ,а кај нас уште и во Марвинци, исто така зборува за нив-

---

[30] N. Ceka, op. cit., pl. V, T 8. Форма блиска на нашите бричови се јавува и во Албанија, во Бурели, но дури во доцната антика (D. Kurti, Tumat e Burrelit, Ilirta 7—8 (1977 — 1978), 171, Ab. XI, v. 53, 1).

[31] I. Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, DISS-III, Skopje — Beograd 1966 16, T. IV. 8-b.

[32] Z. Andrea, op. cit., 19 8—200. Со исклучок на само еден архајски гроб, авторот ги датира праисториските погребувања во 8—7в.

[33] A. Benac — B. Čović, op. cit., 34—35.

[34] J. Bouzek, op. ctt., 147.

[35] Р. Васић, Нови елементи, 11, сл. 4 (656 g).

но ниско хронолошко место. Впрочем, на нашите долноповардарски некрополи нема гробови кои би можеле со вистински аргументи да се датираат пред крајот од VII век, освен еден, кој пак од сите други се издвојува по низа елементи како и по својата конструкција, но не познава вакви форми[36].

Меѓу машичките од Албанија најстар примерок е оној од гробот 8 во Дукат. Врз основа на бронзеното сечило (Н. Цека го толкува како дел од мал нож) наодот е датиран во протогеометрискиот период[37]. Тоа би била засега најстара тоалетна гарнитура воопшто, и покрај сета потребна резерва за ваква високото датирање со огед на осаменоста на наодот. За хронологијата на останатите албански претставници најдобро зборуваат машичките од Кучи Зи; тие одат заедно со доцногеометриски фибули од Хеладската група VII по Блинкенберг и со белегзии од „јањевски“ тип[38]. Последните се присутни и на нашите наоѓалишта во Јужна Пелагонија, во т.н. „рамни“ некрополи, а временски се прецизно определени околу 600 година, односно ран VI век[39], така што примерите од Кучи Зи не би можеле да одат многу пред овој датум.

Машичките од Западна Србија делумно се истовремени со македонските, а делумно се подоцнежни[40]. Особено јасна слика за егзистенцијата на обликот во внатрешноста на Балканот даваат бројните наоди од Гласинац и од долината на Уна. Дури и при површен преглед на објавениот материјал, се забележува дека на Гласинац тие се најчести во фазата IV-ц (625—500 г.) и, како во Западна Србија и Повардарјето' одат во ист хоризонт (понекогаш дури проследени) со двојни игли и фибули со нога во вид на беотски штит, но и со подоцнежни форми[41]. Според табеларниот приказ што го дале авторите на гласиначките каталози, овој предмет е во континуирана употреба и во текот на целеот V-ти век, за да исчезне постепено некаде кон крајот на следниот. Во останатите делови од балканската внатрешност машичките исто така се појавуваат на локалитети чијшто најинтезивен живот паѓа во распонот од VI до IV век, кога на нив е евидентно присуството на силни грчки влијанија[42] или уште подоцна. Во долината на Уна се јавуваат во фазата II по З. Мариќ (500—360 г.), стануваат чести во следната (360—250), додека во фазата IV веќе ги нема[43].

Во исто време, кај нас, а и на цел Јужен Балкан, ваквите реквизити излегуваат од употреба, односно веќе се одамна заборавени. Нај-

[36] З. Георгиев, Зборник на археолошкиот музеј 10—11.
[37] N. Ceka, op. cit., 147. 152.
[38] Z. Andrea, op. cit., 191—192, T. VIII, V 55.
[39] I. Mikulčić, op. cit., 33.
[40] Д. Гарашанин, op. cit, 48; — D. Srejović, op. cit., 55, 60,
[41] A. Benac — B. Čović, op. ctt., T. VIII, 9, 13; T. XXI, 6; T. XXVII, 10; T. XXXVII, 4
[42] M. Паровић-Пешикан, О карактеру грчког материјала на Гласинцу и путевима његовог продирања, Старинар, Н.с., кн. XI, Београд 1961, 31; — P. Васић, Културне групе, 90.
[43] Z. Marić, Glasnik ZMBH — XXIII, 16, 22 ин. Тука машички се појавуваат повтьрно во фазатаие V-VI, но со поинаков облик и очигледно поинаква функција

доцнежен наод во Повардарјето досега даде гробот 44 од Дедили (брич), во кој како прилог се јавува и махајра. Според неа, а имајќи ја предвид и двојната игла од истиот гроб, наодот би можел да се датира приближно до средината од V[44]. Со ова се совпаѓа наодот на машичка во доцноархајскиот кнежевски гроб од Петилеп-Беранци[45], потоа реткоста на овој предмет меѓу требенишкиот материјал[45a], како и неговото исчезнување во Албанија во исто време.

Според тоа, **забележлива масовна примена** на разгледуваните тоалетни реквизити во Долното Повардарје и на Јужен Балкан паѓа во крајот од VIIвек и трае до средината на V век, додека во внатрешноста на полуостровот зема замав во текот на VI и континуирано се одржува до III век пред н.е.

*Прашање за практичната примена*

Практичната примена на тоалетниот прибор претставува проблем за себе. Врзана за модни движења или ритуални манифестации, или за обете, таа завлегува и во сферата на предисторискиот духовен живот, којшто заради својот нематеријален вид археолошки е редовно недоволно опиплив. Вакви гарнитури досега не се констатирани надвор од Повардарјето, а прашањето за примената на машичките, и покрај големиот број на аналогии, речиси секогаш било заобиколувано[46]. Макар што последните не може да се толкуваат независно од останартите придружни форми во Повардарјето, тие претставуваат најблагодарен материјал, бидејќи нудат низа податоци од техничка природа со кои би можело попрецизно да се определи примената на придружените наоди. Овој предмет насекаде покажува сосема исти особености, при што особено маркантно обележје му е необично големата широчина на краците, па дури и благата лачна линија на работните површини. Со исклучок на група босански претставници[47], тој не развива широк типолошки репертоар, без сомневање како резултат на иста и секаде присутна строго определена наменска условеност.

[44] За датирањето на махајри кај нас в. A. Ceremanović, Grčki tip krivog mača u našoj zemlji, Vesnik Vojnog muzeja JNA br. 4, Beograd 1957, 81—82 и мислењето на М. Паровиќ-Пешикан (op. cit., 28).

[45] I. Mikulčić, op. cit., 38.

[45a] V. Lahtov, Problem Trebeniške kulture, Ohrid 1965, 76.

[46] Колку што ми е познато, кај нас во оваа смисла се обидел единствено. З. Мариќ, претпоставувајќи дека машичките од долината на Уна се атрибут на машките гробови и дека служеле за кубење на брадата. (Z. Marić, op. cit., 42).

[47] Прашањето за типолошкиот развој на гласиначките примероци останува отворено. А. Бенеац и Б. Човиќ, (op. cit., 34, 34) нагласуваат постоење на две варијанти од кои постарата се одликува со тесни краци (што во долината на Уна има спротивен ред). Истата е изработувана и од железо и од бронза, додека помладата варијанта со широки краци-само од бронза,. Наспроти ова, Јужен Балкан не само што не познава две варијанти на обликот туку во поглед на изработката покажува спротивен и( пологичен) редослед: сите примери што може да се издвојат како постари изработени се од бронза. За појава и ширење на железна металургија на Балкан в. B. Čović, Počeci metalurgije željeza u severozapadnom Balkanu, Godi šnjak CBI, knj. XVIII /16 Sarajevo 1980, 72 и н., особено 76 — 77.

Веќе укажав дека една од основните карактеристики на повардарските наоди е здруженоста на машички и бричови. Најдобар пример за ова даде гробот 27 од Дедели, во кој се најдени две гарнитури -една покрај главата и една кај нозете на покојникот. Тоа потврдува дека ваквата положба на истоветни наоди во одделни гробови од другите некрополи не е случајна и, уште поважно, дека овие две форми имаат взаемно дополнувачка функција, Ова е особено занчајно, бидејќи овозможува најнапред да се окарактеризира употребата на бричовите. Имено, веќе самиот факт дека бричот е придружен со друг инструмент, укажува на еден посебен, посложен третман на брадата, односно на нејзино негување, а не на наејзино целосно отстранување, што во прв момент би можело да се наметне како логична асоцијација пред така бројното присуство на бричови.

Констатацијата дека во Долното Повардарје брадата кај мажите била негувана наведува објаснување на ваквата појава да побараме фрлајќи поглед кон општите културни обележја на ова подрачје во текот на VI век, кога тоалетниот прибор е употребуван. Мислам на непосредната географска врзаност и културна сродност со Халкидик и трако-македонскиот брег во тоа време, каде грчките, пред сè, јонски колонии имаат важна културна улога што, покрај автохтоните традиции, нашло евидентен одраз во формирањето на целокупниот карактер на долноповардарските некрополи. Да потсетам дека контактите со Југ ги доведува доцногеометриските гробови-цисти (и со нив поврзаните новини во погребните обичаи[48]) уште кон крајот од VII век; истовремено се појавува керамика моделирана на грнчарско тркало, којашто е во знакот на родоско-јонската стилска група[49] и преку која новата грнчарска техника е всушност најрано воведена на наша почва. Во рамките на истата се појавуваат и сиви садови, како одраз на нов вкус што одвај подоцна ќе биде влијаен од Коринт (но само во бојата на печењето), а присутна е и внесена стока од коринтскиот керамичарски круг, несомнено пристигната преку халкидичка Потидаја[50]. Истото се чувствува и кај дел од формите на накитот (двојни игли, некои типови на фибули, наушници, стаклени монистра, килибар), коишто се врзуваат за халкидичката продукција, но водат потекло од Тесалија и Предна Азија или пак се донесени во Источен Медитеран од север[51]. Сето тоа претставува збир на рани архајски елемент и одраз на отпочнатиот процес на хеленизирање на Долното Повардарје. Тој процес подразбира прифаќање и на низа други придобивки на хеленскиот свет, меѓу кои, можеби во прв ред, личната мода, како еден од суштинските негови покренувачи. Оттаму, логично е да претпоставиме присуство на машка мода со архајски обележја, односно фазонирана куса брада, можеби без мустаќи, каква што ја среќаваме на делата од грчката архајска уметност или блиска на неа. Истата на грчко тло има многу подлабоки

---

[48] З. Георгиев, Зборник на Археолошкиот музеј 10—11.

[49] I. Mikulčić, op. cit., 30.

[50] Кон наодот на коринтско ојнохое од Сува Река (Р. Пашиќ, op. cit., 31 сл. 18) се придружуваат делови од импортирана лекане, од некрополата „Милци".

[51] I. Mikulčić, op. cit., 32—33.

корени, долг континуиран живот и јасен социјален карактер. Колку што ми е познато, таа најрано се појавува на една сребрена купа и на познатиот „Кратер со војничка поворка" од Микена, од XIII и XII век;[52] подоцна се забележува во силуетите на војници на вазите од геометрискиот период, и потоа на протокоринтската и протоатичката сликана керамика од VII век со исти сцени[53]. Како евидентен војнички атрибут се појавува на огромен број грчки силки вази и вајарски дела од архајскиот VI век, а во текот на последниот, под влијание на грчките јужноиталски колонии, ја прифатиле и Етрурците[54]. Имајќи го ова предвид, нема сомневање дека и во Повардарјето брадата се појавува како синоним на војничкиот повик, дотолку повеќе што разгледуваните тоалетни реквизити најчесто се наоѓани заедно со оружје. Во таа смисла зборуваат и некои примери од гласиначките наоѓалишта Госиња Планина, Илијак, Осово и Читлуци, особено последните, каде машички се наоѓани во кнежевски гробови, заедно со кнемиди од грчки тип и железни двојни секири[55].

Секако, треба да се објасни и начинот на кој биле користени тоалетните реквизити. За да се сфати техниката на нивната употреба важно е да се има предвид уште еден факт, а тоа е дека некрополите од Долното Повардарје досега не дале ниту еден наод на ножици. Тие се непознати и на многу полмади наши наоѓалишта. Во внатрешноста на Балканот се појавуваат со келтски материјал и тоа најрано во предот од III во II взк[56], значи во време кога и таму тоалетните реквизити слични на нашите, излегле од употреба. Недостатокот на овој предмет покажува дека во претходните векови сечењето на брадата морало да се врши со помош на брич, што значи дека нашите бричови имале рационално-универзална функција и дека само условно го оправдуваат своето име, бидејќи во прв ред служеле за кастрење, а дури потоа за местимично бричење. Притоа важна помошна улога имале машичките. Во услови на служење со брич, ниското и рамномерно кастрење на брадата технички претпочита неопходно затегнување на секој прамен што е предвиден за сечење, со придржување на неговиот врв, а тоа пак ги доведува во опасност прстите со кои се врши такво придржување. Тргнувајќи од неминовноста на оваа потреба, присуството на машички станува разбирлива: тие се појавиле како најсоодветно заштитно средство и инструмент кој оптимално ја заменува работата на прстите.

[52] R. Higgins, Minoan and Myceanean Art, London 1967, 120, 152, fig. 143. 189

[53] J. Boardman, Greek Art, Thames and Hudson, London 1978, 27—28, 45, fig. 16, 17, 36 37, 39 и н.

[54] Покрај вазното и ѕидното сликарство, присутна е и на низа познати вајарски дела: на една антропоморфна урна од Кјузи, на една стела од Волтера, на сарко фазите од Цере, на двоколката од Монтелеоне итн (O. J. Brendel, Etruscan Art, Lon don 1978, 132—133, 146—151, 231—232, fig. 85, 86 97—99, 158, 159).

[55] A. Benac — B. Čović, Glasinac II, T. XXVII; T. XXX, 5—10; T. XXXI.

[56] J. Todorović, Kelti u jugoistočnoj Evropi, DISS — VII, Beograd, 1968, 77.

Во ваквата примена можеме да најдеме и единствено објаснување за големата широчина на нивните краци, нелогична и непрактична за денешен поим[57].

. . .

Разгледуваните тоалетни реквизити претставуваат уште една маркантна специфика на долноповардарските некрополи, по која тие остро се разликуваат од другите истовремени северномакедонски наоѓалишта. Во поширок смисол нивната појава е резултат на грчката колонизација на тракo-македонскиот брег и културните влијанија што таа ги извршила, а кои доаѓаат до полн израз кон крајот од VII и во текот на следниот век. Релативно поголемата старост на јужнобалканските наоди во однос на оние од босанското поднебје зборува за правците и патиштата по кои тие се рашириле заедно со грчкиот импорт како и со дел од формите што се типични за Долна Македониа[58] Дека на С/З продреле однадвор зборува и тоа што, иако во глобала може да се зборува за културно единство на Среден Балкан во железно време, меѓу одделни групи од овој комплекс (на пример помеѓу Гласинaчката и Горичката, Гласиначката и Унската или Личката и Унската група )постојат големи, па и дијаметрални разлики во културен поглед[59], но наспроти тоа, за сите нив е карактеристично присуството на машички и тоа токму во оние фази на секоја од овие групи во кои се евидентни силна економска раздвиженост и внесени стоки.

Постои една заедничка црта што ги поврзува македонското и босанското подрачје: на обете, ваквите наоди станувaат составен дел од погребниот ритус, т.е. дел од духовниот живот. Општо, негувањето на брадата би можело да се сфати како моден тренд само во најширок смисол, зашто таа е огледало на една хеленска општествено-социјална содржина, обележје на војничкиот повик, макар што со време можело да прерасне во општ моден елемент. Судејќи според нашите наоди, се добива впечаток дека приложувањето на тоалетните реквизити во гробовите, покрај оружјето, има за цел да ја дополни војничката величина на покојникот кому тие му припаѓале. Можеби, на таков начин би требало да се толкуваат наодите на машички во долината на Уна, каде, заради погребувањето во урни, не постоел нити можел да се развие обичај да се приложува оружје[60]. Во Повардарјето кон ова

[57] Дека во предисториско време употребата на бричот била технички тесно поврзана со едновремена примена на машичка, и тоа на мошне широк простор, особено убедливо сведочат ваквите реквизити од Данска, посебно наодот на брич и машичка од Солбјер (T. G. E. Powell, Prehtstoric Art, London 1966, 161 fig. 160), кај кои тематските и стилски обележја на врежувана декорација покажуваат дека тие се изработени како комплет.

[58] М. Паровић-Пешикан, op. cit., 42. Меѓу елементите што од Грција продреле во Босна се вбројува и тремолир техниката, применувана често токму за украсување на бронзените машички (Z. Marić, op. cit., 17). За македонски форми во Босна: R. Vasić Donja Dolina i Makedonija, Godtšnjak C B I, knj. XIV/12, Sarajevo 1975, 82 и н.

[59] Z. Marić, op. cit., 55; — P. Васић, Културне групе, 69, 76.

[60] Z. Marić, Glasnik ZMBH, knj. 22III, 42.

се придружува уште една присутна појава кај машките гробови, чиј-што карактер сега станува сосема јасен — практиката да се поставува копја врз покривот од одделни конструкции[61].

Ваквата бројност на вооружени покојници или манифестации од воинички карактер зачудува. Тие стојат во спротивност со материјалната благосостојба и пространите долго употребувани некрополи, кои оддаваат една стабилна политичка положба во Долното Повардарје. Од моментот кога на нив се појавуваат сите напред споменати елементи на материјална и духовна култура, Гевгелиско-валандовската котлина веќе не се одделува во натамошниот развој од останатото долномакедонско подрачје. Сето тоа оди во прилог на мислењата кои историската заднина на промените што настануваат во јужните делови од СР Македонија во крајот од VII и во VI век, а во кои повардарските некрополи се вклопуваат во целост, ја гледаат во експанзијата на македонскиот етнички елемент, за која зборува Тукидид[62]. Распространетоста на тоалетните реквизити на просторот на Јужна Албанија, Северна Грција и јужните делови од СР Македонија и нивната релативно порана појава и исчезнување во Албанија во однос на нашите наоди, како да е уште една поткрепа во тој правец.

За натамошниот хронолошки и културен третман на наброените наши наоѓалишта, разгледуваните реквизити имаат евидентна важност. Покрај низата други елементи и заедно со нив, тие поконкретно го одбележуваат нивниот архајски карактер. Оттаму, можеби веќе и не е премногу смело да се каже дека некрополите од Долното Повардарје, во најголем дел, само условно се врзуваат за праисторијата и за крајот од железното време, бидејќи не само по својата хронологија и културни обележја туку пред сè по дух тие се поблизу до вековите што непосредно ќе уследат, низ кои, впрочем, според најновите наоди, одржуваат и континуитет.*

---

[61] Истата досега е регистрирана кај гробот бр. 36 од Сува Река (Р. Пашиќ-op- cit., 25). Потоа кај еден гроб од близината на црквата Св. Спас во Гевгелија (податок од М. Ивановски кој вршел заштитно ископување на тој простор) и кај гробот бр. 6 од Милци.

[62] I. Mikulčić. op. cit., 26; — Р. Васић, Халштаске некрополе у долини Вардара Сахрањивање код Илира, Научни скупови САН, кн. VIII, Београд 1979, 224.

* Во овој прилог се опфатени наоди добиени со истражувањата во периодот од 1976 до 1980 год. Според соопштувањето од Р. Пашиќ, во 1981 год. Дедели дало нови примери на тоалетни реквизити. Една комплетна' гарнитура е добиена и од еден воинички гроб, откопан 1982 заедно со уште четири други конструкции.

**Zoran Georgiev**

## ARCHAIC TOILET REQUISITIES FROM POVARDARIE

The necropolis of the Iron Age from the surroundings of Gevgelija („Suva Rreka", „Milci") and from village Dedeli near Valandovo have given plenty of toliet sets which consisted of three requisties — iron razor, iron or bronze pincers and razor shaupener made of stone. Altogether or in pieces they are found in 20% from the graves with contributions and always in male graves.

We found their analogies in North Greece, South Albania and Bosnia. According to the findings accompanying, the samples from South Balkan date from the end of the VII th. till the beguinning of the V th. century, and those from Bosnia from the VI th. till the III rd century B.C. whwn import from Greece and Macedonia.

The compostion of these sets testifies that in Povardarie men didn't cut their beard but took care of it: the accompaniment of the razor with another instrumment talks abaut more complex treatment. This phenomenon is due to the early penetrating of acrhaic elements, in this region, as an early stage in the process of its helenizing, which is reflected in the type of the graves and funeral customs, some jewelry forms, in the eccurence of the local „ionic" pottery shaped on potter's wheel and imported corinthian pottery. We consider that it is due to the presence of the archaic fashion, i.e. shaped short beard which had deep roots long existence and social charater among Greec: it occurs on the famous „Warriors' vase" from Mycenae and there since we met it as a warrior's attribute in the art until the Archaic Age, when it was accepted by the peoples living in the outskirts.

The combined usage of the razor and large pincers is due to the technical and profilactic necesity of holding the end of the lock that was for kutting.

T.I




Тоалетни реквизити од некрополата „Сува Река“ — Гевгелија

Т. II




Наоди од некрополата „Милци“ — Гевгелија

Т. III




Тоалетни реквизити од некрополата во с. Дедели — Валандово

T.IV




Наоди од некрополата во с. Дедели